A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија
Бр. 03-87/1
17.01 2025 год.
ЗРНОВЦИ

**ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**

Општина Зрновци, Илинденска бр.186, 2305 Зрновци,email: info@zrnovci.gov.mk , www.zrnovci.gov.mk , тел: 033/353 105

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ, ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНА ЗРНОВЦИ ОД ДЕЛОКРУГОТ НА МЛАДИ ВО 2024 ГОДИНА

Зрновци, јануари 2025

Почитувани,

Согласно член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики, именуваниот Службеник за млади од Општина Зрновци е должен да изготви Годишен извештај за реализираните цели, проекти и други активности во институцијата од делокругот на младите и истиот да го достави до Агенција за млади и спорт, заклучно со јануари 2025 година за претходната 2024 година.

На 11.05.2021 година, со Решение 09-234/1, како Службеник за млади во ЕЛС Општина Зрновци беше назначено лицето Благој Данев.

Локалниот младински совет е актуелен и неговиот мандат трае до 30.04.2026 год.

**ХРОНОЛОГИЈА на настани и активности поврзани со млади и за млади**

Во текот на 2024год. ЛМС – Зрновци активно работеше во неколку области и тоа: спорт, едукација, животна средина, младинско учество и др.

20.12.2024 Со цел збогатување на програмата во делот на Културата во општина Зрновци, благодарение на општествено одговорната компанија Перун Џинс ДООЕЛ Зрновци се одигра театарската претстава за дечиња "Магична симфонија".

19.12.2024 На иницијатива на Претседателката на Македонско-Бугарската стопанска комора госпоѓа Билјана Митева воедно и сопственик на Еко Пак Хит ДООЕЛ Кочани традиционално по повод големиот христијански празник Свети Никола во пресрет на Новогодишните и Божиќни празници, трета година се обезбедуваат и поклонуваат Новогодишни пакетчиња за сите дечиња во општина Зрновци

17.12.2024 Пред донесување на Буџетот и Буџетскиот календар на општина Зрновци за 2025 година, се одржа состанок со претставници на Локалниот економски совет ( Приватниот сектор ) и **ЛМС - Зрновци** Локалниот младински совет.

На состанокот присуствуваа Извршниот директор госпоѓа Невенка Лунгурова и претставници на **Фондација за развој на локалната заедница - Штип** со кои се потпиша Меморандум за соработка и реализација на идни проекти во општина Зрновци, кои ќе ги предложат ЛМС и ЕЛС.

11.11.2024 Зрновци во духот на Митровден: Финализирана богатата програма за Денот на општината Фолклорна програма, со забава за млади.

11.11.2024 Комплетно уредена површина и поставени справи за "Фитнес зона на отворено".Ново катче за спорт и рекреација за граѓаните на општина Зрновци

10.11.2024 Реализиран Втор традиционален марш Св. Димитрија во соработка со

КПС осоговски орел.

Континуирана подршка на новиот ФК Светлост.

09.11.2024 Се одржа Стенд-уп комедија со Бојан Велески

Спроведен планински марш до м.в. Дивичен Вир

Организирана Ликовна колонија"СВЕТИ ДИМИТРИЈА"

09.11.2024 Се одигра финалето од третиот традиционален турнир во мал фудбал " Свети Димитрија " во организација на општина Зрновци и **ЛМС - Зрновци** .

09.11.2024 Организирана Крводарителска акција

Подршка преку еднократна помош и стипендии за новородени деца, првачињата студенти и ученици

21.09.2024 Ден за паметење. Фестивал ,,Распеани срца" и прво место за нашата Евгенија. Честитки Евгенија. Чест ни е што бевме сведоци на твојот голем успех.

10.09.2024 Вечерва општина Зрновци беше домаќин на гости од Мексико, Казахстан, Чешка, Украина, Србија и Македонија.Фолклорни ансамби, Културни работници и претставници на Држави.Со околу 200 учесници, богата културна програма и настап, денес општина Зрновци беше домаќин на дел од 39-от Меѓународниот Фолклорен Фестивал "ИСТИБАЊСКО ЗДРАВОЖИВО" во организација на господинот Стојко Митровски Директор на Ф.А. "КИТКА" од Истибања.

02.08.2024 Единаесеттиот традиционален турнир во мал фудбал по повод најголемиот Македонски празник Илинден"Илинденски спортски игри-Турнир во мал фудбал" -2024 !

09.06.2024 Реализиран трет меморијален турнир во мал фудбал "КАПЕТАН СИНИША СТОИЛОВ"

07.06.2024 Организирана Крводарителска акција во с.Зрновци

25.05.2024 Трет традиционален УРБАНО РИДСКИ КРОС "МЛАДИТЕ ТРЧААТ" во Чест и сеќавање на нашиот другар и сограѓанин ВАСЕ АНГЕЛОВ

24.05.2024 Скромни подароци и честитки за сите матуранти од општината

17.05.2024 Организирање на Викенд генералка – акција за чистење на јавните површини и улици низ општина Зрновци

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

11.05.2024 По повод XI Меѓународен фолклорен фестивал " ТРАДИЦИОНАЛНИ ЃУРЃОВДЕНСКИ - ОБИЧАИ, ПЕСНИ И ОРА" по повод големиот празник Ѓурѓовден во организација на ФА "Љупчо Сантов", општина Зрновци беше домаќин на оваа прекрасна културна манифестација.

02.05.2024 "Велигденски колаж 2024" Браво за вредните рачиња на дечињата, честитки до организаторите од **ЛМС - Зрновци** , ООУ "Синиша Стоилов", ЈОУДГ "Бисерчиња"

10.04.2024 Денес во општина Зрновци, заедно со млади од општина Зрновци, Кочани, Чешиново-Облешево во соработка со Еквалис- Здружение за едукативен развој се изработи Мурал со тема: "Зголемување на безбедноста во сообраќајот"

01.04.2024 Општина Зрновци во континуитет е партнер во подршка на младите и реализација на програмата на **ЛМС - Зрновци** .

Со одлука на Советот на општина Зрновци, трета година по ред се организира Културен - забавен настан "МАСКЕНБАЛ 2024" !
Имаше одлично дружење и прекрасна забава со одлични инспирации за Маскенбалот во **Caffe Bar RIO** - Зрновци

Општина Зрновци во ЛМС гледа достоен партнер и истиот е вклучен во сите позначајни процеси манифестации и настани во општината. ЛМС има доделена канцеларија за младинска работа и дружење која се наоѓа во склоп на Мултифункционалниот центар во Зрновци.
ЛМС и општина Зрновци немаат директно учествувано во изготвувањето на Стратегијата за млади 2023 – 2027.

Зрновци, 17.01.2025

Општина Зрновци
Службеник за млади
Благој Данев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗРНОВЦИ ОПШТИНА ЗРНОВЦИ